[redacted]

До: Општина Василево

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**I ФИНАНСИРАЊЕ на одредите од Законот за младинско учество и младински политики**

1.1 Дали од ставката 463 (трансфер до НВО) општината има поддржано форми на младинско организирање?

1.2 Дали општината има реализирано финансиски средства за млади за 2025 година? Доколку да, **колку** и за што се реализирани средствата?

1.3 Дали општината има одвоено и реализирано финансиска поддршка за младинскиот центар и за активности на центарот во 2025 година? Доколку да, колку?

1.4 Дали општината има одвоено и реализирано финансиски средства на локалниот младински совет во 2025 година? Доколку да, колку?

1.5 Дали општината има планирано финансиски средства за млади, во буџетот за 2026 година. Доколку да, колку и за што се планирани средствата?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

а) увид
б) препис
в) фотокопија
**г) електронски запис**
д) друго ______________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

а) по пошта
б) телефон
в) факс
**г) е-маил –** [redacted]
д) друго ______________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted]

**Во** [redacted] **20.01.2026 година**

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под број 10-74/2 од 20.01.2026 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под број 10-74/2 од 20.01.2026 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## Образложение

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

**Градоначалник**
**на Општина Валандово**
Ѓоко Камчев
[redacted]

Изработил: Стефан Димитров [redacted]
Контролирал: Владимир Лазов
Одобрил: Соња Христова Јовановиќ [redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-74/6
23.01.2026 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

**До**

[redacted]

**Предмет:** Одговор на Барање согласно ЗСПИЈК

Почитувани,

Во врска со Ваше барање согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер пристигнато до Општина Валандово на 20.01.2026 година, со Ваш архивски број [redacted] Ви ги доставуваме следните податоци:

1. **ФИНАНСИРАЊЕ на одредбите од Законот за младинско учество и младински политики**

   1.1 Општината од ставката 463 (трансфер до НВО) има поддржано форми на младинско организирање;
   1.2 Општината нема реализирано финансиски средства за млади за 2025 година;
   1.3 Општината нема одвоено и реализирано финансиска поддршка во 2025 година бидејќи сеуште се нема формирано младински центар;
   1.4 Општината нема одвоено и реализирано финансиска поддршка во 2025 година бидејќи младинскиот совет е со истечен мандат и не е во функција;
   1.5 Општината во Буџетот за 2026 година нема планирано финансиски средства за млади;

Со почит,

Општина Валандово
Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Владимир Лазов
[redacted]